ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ. бр.12/23
18.01.2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## За работа на Основниот суд Крива Паланка за 2022 година

## 1. Податоци за работа со предмети

- Остаток на нерешени предмети од претходната година:

На крајот на 2021 година во Основниот суд Крива Паланка останале нерешени 994 редовни (новопримени) предмети, како и 37 повторно заведени предмети (укинати по редовен правен лек и од други причини), така што остаток на нерешени предмети од претходната година е вкупно 1031 предмет.

- Прилив на нови предмети:

Во 2022 година се примени вкупно 5237 нови предмети, од кои 1105 од граѓанската област, 3819 од кривичната област и 313 се т.н. административни предмети ("СУ", "СУ-ДОВ" и "СПИ").

- Вкупен фонд на предмети во работа:

Во текот на 2022 година Основниот суд Крива Паланка имал во работа вкупно 6231 нов предмет, од кои 994 се нерешени предмети од претходната година, а 5237 се новопримени предмети. Заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовен и вонреден правен лек и од други причини) во оваа година судот имал во работа вкупно 6368 предмети.

- Број на решени предмети:

Во 2022 година од новопримените 5237 предмети решени се 5252 предмети, од кои од кривичната област 3801 и од граѓанската област 1138 предмети (решени се и сите новопримени 313 „административни" предмети). Приливот на нови предмети е совладан на ниво на суд и се решени 15 предмети од заостатокот. Заедно со повторно заведените предмети (укинати по редовни и вонредни правни лекови и од други причини) во 2022 година се решени вкупно 5348 предмети.

- Остаток на нерешени предмети на крајот на годината:

На крајот на извештајната 2022 година останале нерешени 979 предмети од сите видови.

Од вкупниот број нерешени предмети, најголемиот дел отпаѓа на следните предмети:

-695 оставински предмети доверени на нотарите;
-74 прекршочни предмети;
-44 извршувања на прекршочни глоби, трошоци и паушал („ИПРК");
-36 работни спорови „РО";
-19 „ИКП"-извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал;

-18 „КУИКП“ предмети со повикани лица на издржување на казна затвор (полнолетни);
-18 семејни спорови ("П2");
-16 имотни спорови;
-11 спорови од мала вредност ("МАЛВП");
-11 „К“ предмети за кривично-полнолетни;
-9 физички делби ("ВПП1");
-8 облигациони спорови;
-6 „ВПП“ предмети, итн.

На крајот од годината останал нерешен и 41 повторно заведен предмет (укинати по редовни и вонредни правни лекови и од други причини), така што останале нерешени вкупно 1020 предмети.

**2. Извештај за човечки ресурси**

- Организациската поставеност и систематизација, планирани и реализирани вработувања:

Основниот суд Крива Паланка е суд со основна надлежност во смисла на чл.30 од Законот за судовите, основан за подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце. Работата во судот беше организирана во два оддели-кривичен и граѓански, со вкупно 6 (шест) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, колку што се и систематизирани со одлуката на Судскиот совет на Република Македонија од 26.11.2015 год. На кривичниот и на граѓанскиот оддел беа распоредени по тројца судии, се' до втората половина на септември, кога еден судија е пензиониран, а другиот е упатен судиската функција да ја извршува во Основниот граѓански суд Скопје. Од почетокот на последниот квартал на 2022 година Основниот суд Крива Паланка работите и задачите од својата надлежност ги извршува на единствено ниво со вкупно четири судии, вклучувајќи го и претседателот на судот. Судско-административната работа во судот се извршува во следните судски писарници: приемна писарница (прием на поднесоци, писмена итн. за двата оддели); кривична (полнолетни) писарница; прекршочна писарница; писарница за извршување на кривичните санкции; писарница за извршување на прекршочните санкции; писарница за казнена евиденција; парнична писарница и вонпарнична и оставинска писарница. Доставната служба, службата за информатика, службата за финанасиско и материјално работење, судската полиција и техничкиот и помошниот персонал се организирани како логистика за работата на судот во целина. Во текот на годината, во судската служба на судот на неопределено време беа вработени вкупно 27 лица, од кои: 1 раководител на служба, 1 советник (информатичар), 1 соработник (информатичар), 5 судски соработници, 5 самостојни судски референти (сметководител, прием и експедиција на судска пошта, водител на кривичната - полнолетни писарница, од 01.03.2022 год. е вработен водител на парничната писарница и од 01.12.2022 год. е вработен водител на прекшочната писарница), 1 виш судски референт-благајник, 5 судски референти - дактилографи (од кои еден е вработен од 01.03.2022 год.), 1 судски референт - извршител на работи и задачи во писарницата за извршување на прекршочните санкции, 2 помлади судски референти-доставувачи, 4 припадници на судската полиција, од кои еден припадник е преземен сметано од 27.12.2022 година (во судот не е назначен командир на судската полиција) и 1 хигиеничар. Сметано од 14.03.2022 год. во судот беа вработени на определено време до 31.12.2022 год. и двајца самостојни судски референти-водители на писарница, еден судски референт - дактилограф и еден хигиеничар.

Истовремено, во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Крива Паланка,

СУ.бр.60/15 од 17.02.2015 год. и СУ.бр.265/18 од 08.11.2018 год. за судската служба се предвидени вкупно 59 работни места, од кои: 47 за судски службеници (5 раководни, 14 стручни и 28 помошно-стручни судски службеници), 5 за вршење на технички и помошни работи (1 хаусмајстор-одржувач на систем за топловодно греење, 3 хигиеничари и 1 возач) и 7 за судската полиција (командир, заменик-командир и 5 припадници на судската полиција).

Состојбата со работните места во судските писарници и судската полиција во 2022 година е подобрена, меѓутоа во наредниот период е неопходно назначување на командир на судската полиција, пополнување на упразнетите работни места на останатите писарници (водители на вонпарничната и оставинска и писарницата за извршување на прекршочни санкции) и вработување на испразнетото работно место „хигиеничар", за да се обезбеди предвидливост, извесност и непречено функционирање на судот во целина.

Во Единствениот годишен план за вработување и со Годишниот план за вработување на Основниот суд Крива Паланка за 2023 година е планирано едно ново вработувања, и тоа на работното место „хигиеничар", како приоритетно вработување, бидејќи единствениот вработен на тоа работно место е на боледување. Се очекува ова вработување да биде реализирано по добивање на известување за обезбедени финансиски средства во текот на 2023 година.

- Проценка на безбедносната состојба на вработените и странките, предметите и опременоста на судот според стандардите:

Безбедносната состојба на вработените, странките и предметите во судот задоволува. За безбедноста се грижат четворицата припадници на судската полиција. Во текот на работното време е потребно присуство на двајца припадници на судската полиција, што со сегашниот нејзин состав не е возможно да се организира. Судската полиција нема командир, но во тек е постапка за негово назначување од редот на припадниците, така што по пополнување на ова работно место и со евентуално вработување преку преземање на уште едно лице од орган на државната управа, ќе се овозможи прописно екипирање и организирање на нејзината работа.

Судот поседува метал-детектор, кој се наоѓа на влезот од судската зграда, но не е во функција поради дефект веќе над 10 години, па е нужно негово оспособување, или замена. Дефектот досега не е отстранет, бидејќи делот што треба да се замени не може да се најде на нашиот пазар (метал-детекторот е од американско производство).

Климатизерите во серверската просторија се заменети со нови во 2017 и 2021 год. и неопходно е нивно континуирано следење и оценување на потребата од евентуална нивна замена, за да се обезбеди оптимална работна температура и непречени услови за функционирање на електронската опрема.

Опремата за противпожарна заштита не е испитана од 2017 год., па во претстојната година е потребно да се обезбедат средства за нејзино сервисирање.

Архивираните предмети се сместени во метални ормари во судската архива, која се наоѓа во подрумските простории на судската зграда, а во 2021 год. се набавени дополнителни метални архивски ормари, кои се сместени во просторија на вториот кат, заради депонирање на дел од архивираните граѓански предмети.

Во 2017 и 2021 година е извршена помала реконструкција на електричната инсталација, со поставување на автоматски осигурувачи, замена на штекери, прекинувачи и неонски светилки, така што е подобрена безбедноста со напојувањето и користењето на електрична енергија.

Во 2020 година е набавен и инсталиран нов систем за видео-надзор.

Судската зграда и во 2022 год. беше осигурана од пожар.

## 3. Извештај за усогласување на судска пракса

- Извештај за одржани состаноци во врска со усогласување на судската пракса на ниво на оддели, колегиуми и судови, заземени ставови за усогласување на судската пракса:

Основниот суд Крива Паланка, како суд со основна надлежност, нема оддел за судска практика. Карактеристичните прашања околу единствената примена на законите и воедначувањето на судската практика, како и изнесените правни мислења во одлуките на повисоките судови редовно се изнесуваат и разгледуваат на седниците на судиите (најмалку еднаш месечно).

## 4. Извештај за односи со јавност

- Податоци за работа на канцеларијата за односи со јавност (контакти):

До Канцеларијата за односи со јавноста на судот во текот на 2022 год. не е поднесено ниту едно барање, односно не се остварени контакти.

- Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање:

Во 2022 година се поднесени вкупно 10 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, главно во електронска форма. По сите барање е одговорено во законскиот рок и информациите до барателите се доставени во писмена форма на посочените E-mail адреси. До сега во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер не се поднесени жалби до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. По барањата постапува определено службено лице-судски соработник, кој одговорите ги дава по извршени проверки во судските писарници и консултации со раководителот на служба, судиите и претседателот на судот.

- Број на објавени одлуки на интернет на WEB-страната на судот, фактори кои влијаат на објавите:

Во 2022 година од страна на Основниот суд Крива Паланка се објавени вкупно 100 одлуки. Анонимизираните одлуки се објавуваат преку модулот за анонимизација и публикација вграден во АКМИС и се наоѓаат на новиот портал на Основниот суд Крива Паланка, до кој може да се пристапи преку www.oskrpalanka.mk. Меѓутоа, модулот за анонимизација во АКМИС не е целосно во функција, бидејќи анонимизацијата е автоматска само за одделен дел на податоците во одлуките, а останатите податоци се анонимизираат рачно од страна на судските соработници. Процесот на објавувањето на одлуките е видно отежнат, затоа што согласно законските измени треба да се објавуваат само правосилните одлуки, меѓутоа не се направени програмски измени во модулот за анонимизација во АКМИС - системот, така што е потребно човечко инволвирање за проверка дали одредена одлука е правосилна или не за да биде објавена.

- Објавени соопштенија за јавност, прес-конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот:

Освен на 25.10.2022 год., кога се одбележува Европскиот ден на граѓанската правда, на кој датум судот со соопштение објавено на ВЕБ-страната и огласната табла ги покани во судот заинтересираните граѓани одблизу да се запознаат со основните права од стварното, облигационото, семејното, наследното право, надлежноста на судот, неговата организација и начин на работа, пристапот и остварувањето на правдата, како и релацијата на судот со другите правосудни и државни органи, организации и служби, Основниот суд Крива Паланка нема организирано соопштенија за јавност, прес-конференции и

јавни настани.

- Извештај за меѓународна соработка на судот:

Основниот суд Крива Паланка нема остварено меѓународна соработка.

**5. Извештај за информатичка технологија**

- Примена на програмски апликации во судот, извршени промени, доградба, воочени проблеми и предлози за подобрување:

Во 2022 година се преземани следните активности во делот на ИКТ:

-Детална проверка, дијагностика и решавање на ИКТ проблеми;

-Тековно одржување на хардверската опрема со која располага судот и поставување на нови работни станици и останата хардверска опрема;

-Прикачување на бараните податоци на порталот на БЈН;

-Внесување и ажурирање на податоците во ИСУЧР системот при МИОА (ажурирање на систематизации и внес на вработени);

-Одржување на компјутерската мрежа во судот;

-Контрола на работата на антивирусната програма инсталирана на комјутерите, дистрибуирање на нови лиценци на сите работни станици и надоградба на нови програмски верзии;

-Секојдневна помош при работата на судските службеници во програмата АКМИС;

-Обуки за одредени софтверски измени на дел од судските службеници;

-Ажурирање на WEB-страната на судот, со контрола за редовно објавување на анонимизираните одлуки и соопштенија и информации од јавен карактер;

-Редовна проверка на e-mail адресите кои ги користи судот и проследување на писмената до и од судот;

-Backup процедура на виртуелните машини kriosdc01, kriosdc02, kriossql и kriosapp.

-Дневна копија од спроведената backup процедура од претходниот ден на надворешен диск;

-Заштита на податоците преку одржување на Backup процедура;

-Инсталација на потребен софтвер и драјвери;

-Скенирање на поголемите поднесоци кои се доставени до приемната писарница преку системот за електронски прием на поднесоци;

-Генерирање на извештаи во АКМИС, или извлекување на разни статистички податоци од самата база на податоци на овој софтвер;

-Администрирање на e-mail адресите кои се под домен на oskrpalanka.mk;

-Администрирање на АКМИС системот;

-Администрирање на кориснички профили на вработените во судот;

-Пријавување на судските службеници за присуство на обуки/советување организирани од страна на АСЈО и други надлежни институции.

Во Основниот суд Крива Паланка работата се одвива целосно во програмата АКМИС, од приемот на поднесокот, до изготвувањето на одлуките, евиденцијата на редовните и вонредните правни лекови и одлуките донесени по нив. Последната верзија на АКМИС, која е инсталирана од "ЕдуСофт" е 5.7.0.41 од 16.01.2023 год.

Од април 2016 година во програмата АКМИС е додаден модулот за анонимизирање на судските одлуки, преку кој се извршува анонимизирањето и публикувањето на анонимизираните одлуки.

За приемот и доставата на поднесоците се користи системот за електронски прием на поднесоци преку кој се внесуваат поднесоците во скенирана форма во АКМИС.

Во сметководството се користи програмата АБМС-Автоматизиран Буџетски Менаџмент Систем, која навремено се доградува и служи за работа со основните средства, пресметката на плати, персоналната евиденција на вработените, материјалното и магацинското работење и финансиското и буџетско работење. Во сметководството се користи и програмата МПИН - Месечна Пресметка За Интегрирана Наплата, со која се добива декларација за исплата на плати, придонеси и персонален данок на вработените. Сите нејзини надградби се симнуваат и инсталираат од WEB-страната на Управата за јавни приходи (Забелешка: Програмата АБМС не е целосно компатибилна со поновите оперативни системи кои се користат).

На компјутерите кои се прикачени во мрежата на Основниот суд Крива Паланка е инсталирана антивирусната програма Kaspersky Endpoint security for Windows, како и Kaspersky Embedded System Security, а се администрираат преку Kaspersky Security Center.

Работата на компјутерите кои имаат слаби хардверски спецификации е видно успорена со тековните софтверски решенија кои се инсталирани на работните станици. Поради амортизација на претходно споменатите работни станици доведено е во прашање исплатливоста на нивното сервисирање и надоградба и потребно е да се заменат со нови работни станици.

Официјалната подршка со надградби исл. на оперативниот систем Windows XP, кој се користи на повеќето компјутери во судот заврши на 8 април 2014 година и со тоа целосно се зголеми нивото на потенцијални ризици од безбедносен аспект, така што е потребна замена на тие работни станици со нови.

Замена на работните станици со послаби хардверски спецификации и застарен оперативен систем кој нема понатамошна подршка е од највисок приоритет.

Во 2022 година доставени се нови сервери во Основниот суд Крива Паланка, базирани на Windows Server 2019. Во моментот на изготвување на овој годишен извештај судот се' уште е во фаза на миграција од старите domain контролери на нови, базирани на Windows Server 2019.

Виртуелните машини APP и SQL се парцијално мигрирани и се во функција, доменскиот контролер DC01 е парцијално мигриран (се' уште во функција), а останатиот доменски контролер DC02 ќе биде мигриран во наредна фаза.

Пријавување на проблемите на софтверските решенија имплементирани од страна на Edusoft се врши преку нивниот портал за техничка поддршка.

Тонски снимања на рочиштата не се вршат од февруари 2021 год., бидејќи системот не е во функција и не може да се оспособи.

## 6. Извештај за опременост и одржување на зградата на судот

- Анализа на состојбата и предлози за подобрување:

Зградата на Основниот суд Крива Паланка е изградена пред 50 години. Истата е опремена со сопствен систем за топловодно греење од 1998 год., кој е реконструиран во 2003 и 2009 година. Во 2003 год. е извршена надградба со изградба на уште еден - IV кат и обновување на фасадата. Влезната партија е доуредувана во 2003 год. и 2009 год., со изградба на настрешница и пристапна патека за лица со посебни потреби (истата беше без ограда), која во 2020 година е отстранета поради изградбата на новиот градски плоштад. Во 2015 год. на влезната партија е уреден простор за паркирање на велосипеди, согласно со законските задолженија. Едношалтерскиот систем е уреден во 2009 год. Старите прозорци се заменети со нови, изработени од алуминиумски профили и термопан стакло, а во 2020 година преостанатите стари прозорци во судиницата I на првиот кат, како и судницата IV и една работна просторија на вториот кат се заменети со

нови-изработени од ПВЦ профили и термопан стакло. Серверската просторија се наоѓа на првиот кат (всушност се работи за преуреден дел од ходникот), со инсталирани два климатизери. Во неа се сместени серверите и мрежните уреди, меѓутоа истата е со површина помала од 2 м2 и не ги задоволува препорачаните стандарди во поглед на температурата, влажноста на воздухот и антистатиката на подот и ѕидовите. Најголем дел од судските простории се климатизирани. Метал-детекторот на влезот од зградата, кој е донација на УСАИД, не е во функција повеќе години, бидејќи дефектниот дел не може да се набави на нашиот пазар (истиот е од американско производство). Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во еден дел е опремена со метални ормари, а во 2015 година е средувана и доуредена со метални полици. Во 2021 год. се набавени нови метални архивски ормари, кои се сместени во простории на вториот кат, за депонирање на архивираните граѓански предмети. Судот е опремен со уреди за противпожарна заштита, кои се обновени и испитани во 2017 година. Во истата година и во 2021 год. е извршена помала реконструкција на електричната инсталација, со поставување на автоматски осигурувачи, замена на штекери, прекинувачи исл. Основното јавно обвинителство Крива Паланка ги користи сите простории на вториот кат, со исклучок на една работна просторија (во која сега се сместени новонабавените метални архивски ормари) и судницата IV. Напојувањето со електрична енергија на Основното јавно обвинителство Крива Паланка е одделено од судот, меѓутоа овој орган го користи судското топловодно греење и санитерниот јазол, без учество во надоместот на трошоците. Обвинителството користи и една подрумска просторија за својата архива. Просториите во судската зграда не се варосувани над 20 години, освен осум простории и ходникот на третиот кат, кои се варосани во јули 2016 год., кога е реконструиран амортизираниот под на четири работни простории, со поставување на ламинатен под, а во во текот на 2017 година се варосани и просториите на четвртиот кат. Во 2016 год. е извршена поправка на доводната мрежа од санитарниот јазол на четвртиот кат. Во првата половина од 2018 год. се набавени 10 нови канцелариски фотељи, а во втората половина на 2018 година е извршена адаптација на дел од административниот простор на третиот кат со уредување на два судиски кабинети, поставени се нови 10 врати и ламинатен под во три работни простории, кабинетот на претседателот на судот и работната просторија на неговиот технички секретар, како и ходникот и извршено е преуредување на санитарниот јазол на овој и на првиот кат. Во 2020 година е набавен и инсталиран нов систем за видео-надзор, а во 2021 год. е заменет дотраениот под во просторијата на архивата на вториот кат со нов ламинатен под и истата е варосана. Во втората половина на 2021 год. се набавени и уште 19 нови работни столици (фотељи).

Заради подобрување на просторните услови се предлага извршување на следните работи:

-Определување и уредување на соодветна серверска просторија од страна на стручни лица;

-Поправка или замена на метал-детекторот на влезот од судската зграда;

-Варосување на судскиот простор на приземјето, првиот и вториот кат;

-Реконструкција на кровната конструкција на судската гаража;

-Изработка на проект за изведба на термо-фасада на судската зграда, и

-Сервисирање на противпожарните апарати.

## 7. Извештај за планирани и извршени јавни набавки

Во 2022 год. се спроведени четири централизирани јавни набавки, и тоа: за набавка на стоки-хартија за печатење (постапката за јавна набавка е спроведена од Апелациониот суд Скопје), за интернет услуги и за услуги од мобилната телефонија (овие две постапки се спроведени од Судскиот совет на

Република С. Македонија) и за набавка на нови сервери и друга ИКТ опрема (постапката е спроведена од Врховниот суд на Република С. Македонија).

Основниот суд Крива Паланка самостојно спроведе постапки за јавни набавки по следните огласи:

-Оглас бр.01305/2022 за јавна набавка и испорака на масло за горење-ЕЛ-1 (екстра-лесно), во количество од 12.000 литри, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-Друштво за производство, трговија и услуги "Пуцко Петрол", увоз-извоз, ДООЕЛ, с. Пласница - Пласница, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во износ од 1.029.599,56 ден.;

-Оглас бр.02487/2022 за јавна набавка на гориво „ЕУРОДИЗЕЛ БС", во количество од 1.500 литри, за службените патнички моторни возила, по кој е склучен договор за јавна набавка со економски оператор-акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "Макпетрол"-Скопје, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во износ од 113.244,60 ден.;

-Оглас бр.02725/2022 за јавна набавка на канцелариски материјали и печатени обрасци, по кој е склучен договор за јавна набавка со економскиот оператор-Друштво за трговија, производство и услуги "Опиком", Санде Стојановски, ДООЕЛ, увоз-извоз, Пробиштип, со вредност на договорот, со вклучен ДДВ, во вкупен износ од 98.530,00 ден.;

Сите наведени јавни набавки беа предвидени во Планот за јавни набавки за 2022 година и се објавени на ЕСЈН.

Нереализирана е планираната јавна набавка на службено патничко моторно возило поради необезбедени финансиски средства, меѓутоа ова возило му е неопходно на судот, бидејќи постоечкото е доделено пред повеќе години од Агенцијата за управување со одземен имот и постаро е од 25 години. Поради високиот степен на амортизација, ова возило е подложно на дефекти и трошоци за поправки и одржување, така што неговата употреба претставува ризик по безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот. Затоа, оваа јавна набавка, како неопходна, ќе биде предвидена и во планот за 2023 година.

Претседател на судот,
Љубица Цветковска Стојановска